Акционерско друштво за стопанисување со
деловен простор во државна сопственост
бр. 05-2177/20
____ 20__ год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр. 136/07 ,130/08 ,97/10, 53/11, 185/11) , пречистен текст Сл.весник бр.24/12, член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје,и врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-2177/7 од 26.12.2012г.,Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-2177/8 од 26.12.2012 година, Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-2177/19 од 04.01.2013 година, од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. **06/2012** за јавна набавка од отворена постапка со користење на електронска аукција, Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда
## за Набавка на услуга- осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај (незгода)

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-2177/7 од 26.12.2012г година, Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-2177/8 од 26.12.2012година, Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-2177/19 од 04.01.2013 година, по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.06/2012 од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје по Одлука за јавна набавка бр.05-2177/4 од 29.10.2012г., Одлука за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на електронска аукција бр.05-2177/10 од 28.12.2012 година, за јавна набавка со отворена постапка со користење на електронска аукција за **Набавка на услуга- осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај (незгода)** , договорот за јавна набавка се доделува на:

АД за осигурување „ВИНЕР -ВИГ"
ул. „ Владимир Комаров" бр.11 А
Скопје

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести понудувачот чија понуда е избрана за најповолна, како и оние чија понуда не е избрана за најповолна, за причините за донесување на одлуката и тоа секој:

-неизбран кандидат за причините за отфрлање на неговата пријава за учество

-понудувач чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда, со детално образложение зошто понудата е неприфатлива

-понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

доставено до:

- Сектор за финансии,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива